09.05.2019 г.

Врз основа на член 34 и 38 од Статутот на Ракометна Федерација на Македонија, Управниот одбор на Ракометна Федерација на Македонија на својата седница на ден 09.05.2019 година донесе измени и дополнувања на

**РЕГИСТРАЦИОНЕН ПРАВИЛНИК**

**ОПШТ ДЕЛ**

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат условите и постапките за регистрација на ракометните организации и нивните членови, преминување на играчи од еден во друг клуб , право на настап на првенствени и куп натпревари, постапка за заштита на правата, регистрација и нивно евидентирање.

**Член 2**

Под задолжителна регстрација подлежат сите основни организации, здружени ракометни организации и нивни членови.

**Член 3**

Регистрите утврдени и предвидени со овој Правилник претставуваат јавна книга, кои ги води надлежен регистрационен орган на Ракометната федерација на Македонија ( во понатамошен текст Регистрациона комисија).

Регистрите се водат по начело на јавност , задолжителност , точност и вистинитост.

**Регистер на ракометна организација ќе води РФМ со следните податоци:**

1. Реден број;
2. Датум на упишување;
3. Назив на ракометната организација;
4. Седиште и адреса;
5. Датум на основањето;
6. Степен на натпреварувањето;
7. Статутарна промена.

Уписот во регистерот се врши врз основа на пријава со која се поднесуваат и потребните исправи во оригинал или оверен препис од страна на надлежен орган .

**Член 4**

Во однос на претходниот член регистри се водат и за :

- Играчи (ракометари/ракометарки)
- Судии
- Делегати - контролори
- Тренери и останати лица во состав на екипите (претставници, технички раководители, лекари, физиотерапевти и други.)

**Член 5**

Основните ракометни организации и поединци , се должни да плаќаат котизација за секоја календарска година.

Висината на котизацијата ја одредува Управниот Одбор на РФМ согласно степенот на натпреварувања.

**Член 6**

На регистрирање подлежат ракометни екипи на работни организации, претпријатија , училишта , факултети, АРМ и Сојуз на телесно воспитување кога ќе се натпреваруваат во организираниот систем на натпреварување: училишни натпреварувања , работнички спортски игри и слични, кои се организираат заради популаризација и омасовување на ракометниот спорт.

**Член 7**

Регистрациониот орган е должен да издаде извод од регистерот.

## РЕГИСТРАЦИЈА НА ОСНОВНИ ОРГАНИЗАЦИИ (Клубови)

**Член 8**

Регистрирање на основни организации - здружени ракометни организации се врши врз основа на пријава за регистрација , со која се приложува документацијата :

1. Статут.
2. Решение од Централен Регистар.
3. Записник од изборно собрание.
4. Пополнет образец со основни податоци на организацијата.
5. Решение од Агенција за млади и спорт за вршење дејност спорт.
6. Изјава за усогласени акти со актите на РФМ.

Пријавата со документите за регистрација може да се поднесува најдоцна 7 дена пред денот на одржување на конференција на клубови во одредената категорија.

**Член 9**

Секоја ракометна организација (Клуб) е должна да пријави промена во органите на управување.
Со пријавата за упис, се поднесува и одлука за извршена промена на пополнет образец во кој се внесуваат податоци за извршената промена.
Рок за поднесување на пријавата опишана во претходниот став е 30 дена од денот на извршената промена.

**Член 10**

Ако надлежниот регистрационен орган (Регистрациона комисија) утврди недостатоци во пријавата (документите) опишани во членот 8 и членот 9, комисијата е должна да му укаже на недостатоците и да му наложи да ги исправи во рок од 30 дена. Ако подносителот на пријавата во дадениот рок не постапи, ќе се смета дека нема поднесено пријава за регистрација.

**Член 11**

Промена во организирање на основните ракометни организации, може да се врши во текот на натпреварувачка сезона (додавки на име за спонзорирање).
Спојување, припојување или други облици на здружување и организирање може да се врши само по завршување на натпреварувачката сезона.

## РЕГИСТРАЦИЈА НА ЗДРУЖЕНИЕ НА ДЕЛЕГАТИ И КОНТРОЛОРИ,СУДИИ И ТРЕНЕРИ

**Член 12**

Регистрација на Здружение на судии,делегатите / контролори и тренери упис се врши во Централен Регистар на Република Македонија по претходна изведена постапка согласно Законот за Здруженија и фондации.
Здруженијата на судиите, делегатите/контролорите и тренерите до Регистрациона комисија ги поднесуваат со пријавата сите акти донесени на изборното собрание: записник од изборното собрание, Статут ,пополнет образец и потпишана изјава за усогласеност на акти со актите на РФМ.

## РЕГИСТРАЦИЈА НА ИГРАЧИ РАКОМЕТАРИ/КИ

**Член 13**

Регистрацијата на играчи (ракометари/ки) ја врши Регистрациона комисија при Ракометна Федерација на Македонија .

**Член 14**

1.Основни принципи

Сите ракометари-ки се подложни со право на настап согласно актите на Ракометна Федерација на Македонија како и на Европската и Светската Ракометна Федерација (ЕХФ и ИХФ).

2. Статус на играчите

Играчите во Ракометна федерација на Македонија имаат статусот на:
а) играчи без договор
б) играчи со договор

а) Играчи без договор

а.1. Играчи кои немаат писмен договор со нивниот клуб и кои не добиваат финансиски надоместок за учество во натпреварите, се нарекуваат играчи без договор.
а.2. Трошоци кои можат да ги добиваат сите играчи без да влијае на нивниот играчки статус се состојат од трошоци за превоз и сместување, спортска опрема , осигурување и учество на тренинзи и медицинска грижа.

б) Играчи со договор

б.1. Играчите кои добиваат финансиски надомест обврзани се да имаат писмен договор со клубот за кој настапува. Тие играчи се нарекуваат играчи со договор .Договор треба да биде потпишан и да ги дефинира правата и должностите на страните потпишани. Важни составни делови на договорот се времетраењето на договорот ( почетокот и крајот) како и одредбите кои се однесуваат на раскинување на договорот од која било страна. Клубот и играчот можат да склучат анекс кон основниот договор во рок од 15 дена по склучувањето на основниот договор , важноста на анекс договорот престанува со датумот на истекување на основниот договор.
б.2. Играчите кои склучиле договор за време на натпреварувачката сезона треба да бидат пријавени во РФМ во рок од 30 (триесет) дена од потпишувањето на договорот.
б.3. До 15 септември секоја година РФМ ја ажурира главна регистрациона книга на играчите со договор кои учествуваат во систем на натпревари во РФМ.
б.4. РФМ согласно обврската од Европска Ракометна Федерација доставува список на играчи по договор до канцеларијата на ЕХФ најдоцна до 15.10 секоја година.
б.5. Играч може да склучи Договор по 15.10 и истиот се формализира најдоцна 30 дена по приемот на списокот од страна на РФМ .
б.6. Склучениот договор помеѓу играчот и клубот се заверува од страна на Регистрациона комисија на РФМ, доколку истиот не е заверен се смета за невалиден.
б.7. Договорите треба да ги содржат обврските на двете страни и да важат за одреден период кој не е пократок од 1 месец.
б.8.Играч не може да склучи два или повеќе договори во исто време, валиден договор е оној кој првично бил евидентиран во РФМ, доколку играчот склучи повеќе од еден договор, РФМ ќе поведе дисциплинска постапка кон играчот.
б.9.Предвремен раскин на договорот може да се изврши спогодбено помеѓу клубот и играчот.
б.10.Играч (ракометар/ка) со навршени 16 (шеснаесет) години има право да склучи Договор со Клуб/Спортско друштво. Договорот од страна на играчот го потпишува и родител, старател или овластен законски застапник.

**Член 15**

По извршената регистрација на ракометарот му се издава членска книшка .
Формата и содржината ја пропишува Управниот Одбор на РФМ.

**Член 16**

Регистерот на ракометарите ги содржи следните податоци:
Реден број, датум на уписот, презиме, татково име и име , датум и година на раѓање, место на раѓање, право на настап, прва регистрација , промена на регистрација (членство) , датум на бришење во регистерот и дата на издавање на исписница.

**Член 17**

Регистрационата комисија на РФМ е надлежна за меѓународни трансфери на играчи помеѓу Федерации и постапува согласно Регулативата донесена од страна на Светската Ракометна Федерација (ИХФ).
Регистрационата комисија е надлежна за издавање меѓународни сертификати .

**ДВОЈНА РЕГИСТРАЦИЈА**

**Член 18**

Играч (ракометари-ки) помлади од 20 години, со согласност на клубот можат да бидат регистрирани истовремено за уште еден клуб , кој се натпреварува најмалку за еден степен пониско од степенот на натпреварувањето на клубот.
Годината на староста важи на денот на регистрацијата која важи во текот на целата натпреварувачка сезона без разлика дали ракометарот-ка меѓувреме ги надминал предвидените рокови.
На првенствен натпревар со двојна регистрација може да настапат два ракометари-ки, а да регистрира најмногу 4 (четири) ракометари-ки во една натпреварувачка сезона, во смисол на претходниот став , со тоа што клубот-екипата што се натпреварува во повиск ранг на натпреварување е матичен клуб на двојно регистрираниот-ата ракометар-ка, а ракометарот-ката има право да настапува за двата клуба од различен ранг во иста сезона.
Ракометарот-ката за да има право за двојна регистрација должен-на е да има писмена сoгланост од матичниот клуб.
Двојната регистрација на ракометарот-ката има важност само за една натпреварувачка сезона и регистрацијата се врши само во преоден рок.
По истекот на секоја сезона двојната регистрација автоматски згаснува и ракометарот-ката останува член на матичниот клуб.

**Член 19**

Казнет играч (ракометар/ка) и играч под суспензија од органите на РФМ, може да биде регистриран за друг клуб , доколку ги исполнува другите останати услови , но без право на настап во домашно првенство и куп натпревари организирани од РФМ додека му тече казната или суспензијата.

**ИГРАЧИ (РАКОМЕТАРИ/КИ) СО СТРАНСКО ДРЖАВЈАНСТВО**

**Член 20**

Ракометари со странско државјанство со уредни документи можат да се регистрираат при системот на натпревари во РФМ за клуб , во согласност со овој Правилник и Правилникот на ЕХФ и ИХФ .
Еден клуб може да регистрира неограничен број на ракометари кои се странски државјани.
Право на настап при националниот систем на натпревари при РФМ за број на странски државјани за одреден натпревар се определува со Одлука на УО на РФМ во конкретна натпреварувачка сезона.
Управниот Одбор на РФМ пред утврдување на преодниот рок ја одредува висината на таксата за лиценцирање на странски играч за претстојна натпреварувачка сезона.

## ПОСТАПКА ЗА РЕГИСТРАЦИЈА

**Член 21**

Ракометар кој прв пат се регистрира должен е да ги поднесе следните документи:

1. Своерачно потпишана пријава за регистрација
2. Фотокопија од извод од матична книга на родени
3. Две фотографии со големина 3х4 цм. Не постари од 6 месеци
4. Барање на клубот за регистрација (молба-пристапница)
5. Потпишан договор (образец на РФМ) помеѓу играчот и клубот со утврдени права и обврски на договорните страни( важи за играчи со договор).

**Член 22**

Ракометарот кој се регистрира за нов клуб (промена на членство) должен е да ги поднесе следните документи:

1. Своерачно потпишана пријава за регистрација
2. Барање на клубот за регистрација на ракометарот (формулар молба – пристапница)
3. Членска книшка или изјава зошто не доставува членска книшка
4. Две фотографии со големина 3х4 цм не постари од 6 месеци
5. Исписница од поранешниот клуб со датум за последен настап во клубот или потврда (препис) со кое е барана исписница
6. Потврда за раскинат или престанок на важноста на договорот од поранешниот клуб
7. Потврда за исплатена надокнада - обештетување на поранешниот клуб или согласност за на друг начин регулирана надокнада согласно одлуката на УО на РФМ
8. Сертификат на Ракометниот сојуз или федерација од странската држава од која се враќа ракометарот, која се бара преку РФМ.
9. Потпишан договор помеѓу играчот и новиот клуб (важи само за играчи со договор)

**Член 23**

Одлука за регистрација донесува Регистрациона комисија во рок од 8 (осум) дена од приемот на барањето (пријавата) за регистрација со комплетна документација.
Со денот на регистрација ракометарот/ката станува член на клубот за кој се регистрира со сите права и должности без оглед на правото на настап.
Доколку подносителот на пријавата за регистрација не достави уредна пријава и потребни документи во одредениот рок од 8 (осум) дена , регистрациониот орган ќе донесе одлука врз основа на приложените документи.
Жалба против одлуката на Регистрационата комисија на РФМ се поднесува во рок од 8 (осум) дена до Арбитражната комисија на РФМ чија одлука е конечна.

## ПРЕДВРЕМЕН РАСКИН НА ДОГОВОР

**Член 24**

Играчот (Ракометарот/ката) и клубот во поглед на неизвршување на обврските и правата од договорот, ракометарот/клубот имаат право да побараат предвремен раскин на договорот.
Барање за раскин на договор, ракометарот/ката доставува до клубот од кој бара раскин на договорот со примерок до регистрациона комисија при РФМ.
Сите дејствија превземени од страна на клубот по поднесување на барањето за раскин на договор( уплати, суспензии, казни и сл.) , не предизвикуваат правно дејство и нема да се земаат во предвид при разгледување и решавање на поднесеното барање од страна на надлежните органи на РФМ.
За раскин на договорот одлучува органот за регистрација на РФМ во рок од 15 дена. По одлуката на тој орган може да се приложи жалба во рок од 8 (осум) дена до Арбитражната комисија со приложена потврда за уплата од 20.000,00 денари на име такса за жалба, која такса е неповратна. Без приложен доказ за извршена уплата на таксата, жалбата нема да се разгледува.

Арбитражната комисија донесува одлука во рок од 30 дена од приемот на жалбата која одлука е конечна. Доколку ракометарот во согласност со овој член добие раскин на договорот , може да се регистрира за нов клуб во рок од 8 (осум) дена.

**ПРЕОДЕН РОК И СПОГОДБА**

**Член 25**

Преодниот рок почнува на 01.07 и трае до 28.02. во тековната натпреварувачка сезона.
Во преодниот рок еден играч (ракометар/ка) може да премине од клуб во клуб најмногу 2 (два) пати со валидна исписница, завршен договор, договор- спогодба за отстапување на играч од клуб во клуб, со статус играч без договор и исполнети сите услови предвидени во член 22 од овој Правилник.
**Клубот во преодниот рок може свој ракометар под договор да отстапи на друг клуб.** За отстапувањето на ракометарот се склучува спогодба помеѓу клубот и ракометарот. Спогодбата се склучува во 5 (пет) примероци од кои по еден на клубовите, ракометарот, а два за органот за регистрација на РФМ.

Врз основа на спогодбата отстапениот ракометар станува привремен член на клубот што е отстапен. Неговото привремено членство автоматски престанува со истекот на рокот на кој што е отстапен, па ракометарот без повторна регистрација има право да настапува за клубот што го отстапил.

**РЕГИСТРАЦИЈА НА МЕДИЦИНСКИТЕ РАБОТНИЦИ**

**Член 26**

Пријава за регистрација на медицински работници поднесува спортска организација -клуб.
При поднесување на пријавата за регистрација на медицинскиот работник се доставува следните податоци/документи:

- Пријава за регистрација во 1 (еден) примерок, со личен потпис од претставник на клубот, заверен од печат на клубот;
- Формулар заверен со печат на клуб/клубови за членство во 1 (еден) примерок .
- Потврда/Документ за исполнување на барањата во врска со медицинските квалификации работници (диплома, службена легитимација, итн.).
- Една слика во боја JPEG формат од 320 пиксели (висина) x 240 пиксели (ширина), не постара од 6 (шест) месеци.
- Копии од извод на родените, државјанство, документ за идентификација.

Регистрација на медицински работник, без оглед на тоа што е направено за одреден клуб има право да биде службено/медицинско лице и во други спортски клубови .

**РЕГИСТРАЦИЈА РАКОМЕТНИ ТРЕНЕРИ**

**Член 27**

Регистрацијата на ракометните тренери се врши врз основа на пријавата за регистрација од страна на клубот:
Клубот е должен да ги достави следниве документи:

- Лиценца за тренер издадена од Здружението на ракометни тренери при РФМ.
- Слика во боја JPEG формат од 320 пиксели (висина) x 240 пиксели (ширина), не постара од 6 (шест) месеци.
- Фотокопија од лична карта.
-

Овластено лице на Здружението на ракометни тренери ќе ја потврди пријавата на тренерот во рокот од 8 (осум) дена од денот на приемот на барањето.

## РЕГИСТРАЦИЈА НА СУДИИ, ДЕЛЕГАТИ И КОНТРОЛОРИ

**Член 28**

Здружението на делегати и контролори и Здружението на ракометни судии ја врши регистрацијата на судиите, делегатите и контролорите.
Пред почетокот на преодниот рок надлежен орган на Здружението на судии и Здружението на делегати и контролори доставува листа до Управниот Одбор на РФМ. Управниот Одбор на РФМ ги верификува листите најдоцна 8 (осум) дена по приемот на барањето.
Кон барањето за регистрација се приложува :

- Име , презиме,адреса на живеење и матичен број
- Потврда за положен стручен испит
- Барање за верификација до УО на РФМ

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 29**

Регистрационите органи се должни регистрационите книги да ги водат хронолошки, согласно нормативните акти и согласно позитивни законски прописи. Целокупната документација во надлежност на органот за регистрација се регистрира во деловодната книга за прием на документи на органот за регистрација.

**Член 30**

Одредбите од овој Правилник се применуваат на сите ракометни клубови , службени лица, спортски работници во сите степени на натпреварување во при системот на РФМ.

**Член 31**

Толкување на овој Правилник дава Управниот Одбор на РФМ.

Се што не е предвидено со овој Правилник, важат одредбите односно актите на Европската и Светската ракометна федерација како и позитивните законски прописи во Република Македонија.

**Член 32**

Овој Правилник стапува во сила со денот на неговото донесување. Со стапувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот донесен во Скопје, на 10.11.2004 година.

**Ракометната федерација на Македонија**
**Управен одбоор**
**Претседател,**

**Живко Мукаетов**